Врз основа на чл.45 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20, 111/23), Општина Чашка објавува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЧАШКА - KOMUNA E ÇASHKËS
Бр./Nr.: 02-767/2
30.04.2024 год./viti.
ЧАШКА/ÇASHKË

# ЈАВЕН ПОВИК бр.04/2024

**за избор на изработувач на Урбанистички проекти и Стручна Ревизија**

**втор пат**

Општина Чашка објавува јавен повик за изработување на:

1. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка, општина Чашка согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање.

2.Стручна Ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка, општина Чашка.

**1.Податоци за проектниот опфат:**

Предмет на изработка:

1.1 **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка, општина Чашка** согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање, а се во согласност со Законската и подзаконската важечка регулатива

Површина на проектен опфат: 0,4 ха, Место: дел од КП 1297/1 КО Чашка, општина Чашка.

Проектниот опфат се наоѓа надвор од опфат на урбанистички план и истиот граничи на северозапад со КП 444/2, КП 445/3, КП 446/5, КП 443/13, КП КП 443/14, КП 443/4, КП 443/9, КП 443/5, КП 443/6, КП 443/7, КП 443/8, КП 443/1, на југоисток со КП 411/8, КП 411/10, КП 411/12, КП 411/5, КП 411/6, КП 411/7, КП 415/4, КП 415/9, КП 415/3, КП 416/1, КП 417/7, КП 417/5, КП 417/4, КП 417/3, КП 417/2, КП 438, КП 439/2, КП 439/1 и КП 442 КО Чашка;

Согласно член 60 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20, 111/23) потребно е да се изработи идеен проект. Проектот е обврска на општина Чашка.

Во цената на Урбанистичкиот проект е не вклучен Идејниот/Основниот проект, Ревизија на Основен проект, Елаборат за заштита на животна средина, Основен Сообраќаен проект, Ревизија на Основен Сообраќаен проект, изработката на истите се обврска на Општина Чашка.

Започнување на извршување на услугите/работите: Веднаш по склучување на договорот за изработка на урбанистичките проекти и издавање на налог од Одделение за урбанизам. Општина Чашка доставува Ажурирана геодетска подлога, Услови за планирање на просторот и Идеен проект за УП од точка 1.1,

Урбанистичките проекти да се изработат согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20,111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/20, 219/21, 104/22,99/23) секој соодветно.

На урбанистичките проекти да потребно е да биде извршена стручна ревизија од правно лице со лиценца за изработка на урбанистички планови согласно член 62, став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20,111/23) за кој Општина Чашка ќе обезбеди Ревиденти согласно точка 3 од овој Јавен Повик.

**1.2 Стручна Ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка,**

општина Чашка.

Стручната Ревизија на Урбанистичките проекти потребно е да биде извршена од правно лице со лиценца за изработка на урбанистички планови согласно член 62, став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20,111/23).

**2. Период за изработка на урбанистичките проекти:**

**2.1 Период за изработка на урбанистичките проекти**

За (Точка 1.1.)

-5 дена за изработка на предлог проектна програма за барање услови на планирање на просторот

-5 дена за изработка на проектна програма од доставување на потребните документи (Елаборат и Решение од Просторен план, Извод од соседен план (доколку има), Ажурирана геодетска подлога и Имотен лист)

Веднаш по добивање на ахурираната геодетска подлога да се достават барања за податоци и информации согласно член 47 од Законот

-15 дена за изработка на Урбанистичкиот проект по усвоена проектна програма и добиени податоци и информации од институции, установи и правни лица со јавни овластувања од член 47 од Законот и добиен Идеен проект

-5 дена за корекција на УП доколку е потребно по сите фази и корекции во текот на изработката

**2.2.Период за изработка на Стручна ревизија**

За Точка 1.2

-10 дена за изработка на Стручна ревизија од доставување на Урбанистичките проекти.

Стручната Ревизија на Урбанистичките проекти потребно е да биде извршена од правно лице со лиценца за изработка на урбанистички планови согласно член 62, став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20,111/23).

**3.Потребна документација за докажување и исполнување на критериуми:**

На јавниот повик можат да се пријават правни лица со важечка лиценца за изработување на урбанистички планови и стручна ревизија на урбанистички планови, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20,111/23) или Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, ...168/18).

За докажување на овој услов се доставува Копија од важечка лиценца за изработување на урбанистички планови или стручна ревизија на урбанистички планови, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20,111/23) или Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, ...168/18).

Документација за докажување и исполнување на критериуми:

3.1 Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, правното лице да достави доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка односно треба да достави Документ за регистрирана дејност - образец ДРД или Потврда за регистрирана дејност.

3.2 При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на понудувачот се бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавниот повик односно правното лице да има важечка лиценца за изработување на урбанистички планови или стручна ревизија на урбанистички планови, согласно членот 68 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20,111/23) или Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14....168/18) и да има во работен однос на неопределено време <u>најмалку</u> 1 (еден) архитект -урбанист со важечко овластување за

"Илинденска" 8 1413 населба Чашка
тел.++389 43 241 400 фах. ++389 43 241 343
"Ilindenska" 8 1413 lagja e Çashkës
tel.+389 43 241 400 fax. ++389 43 241 343
e-mail: opstina@caska.gov.mk
www.caska.gov.mk

изработка на урбанистички планови согласно Законот за урбанистичко планирање или Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**4. Рок и начин за доставување на понудата:**

Понудите да се достават најдоцна до 13.05.2024 (понеделник) до 12.00 часот преку архивата на Општина Чашка, во плик со назнака „НЕ ОТВАРАЈ" и „за ЈАВЕН ПОВИК бр.**04/2024**

**5.Датум, време и место на отворање на понудите:**

13.05.2024 (понеделник) во 12,00 часот, во просториите на Општина Чашка (Административна зграда на Општина Чашка).

**6. Критериуми за доделување на договор на јавниот повик;**

Критериум за избор на најповолна понуда во постапката за избор на изработувач на Урбанистички проекти и Стручна Ревизија ке биде – економски најповолна понуда (со сооднос 50 бодови -цена, 50 бодови- квалитет) согласно предвидените и останати критериуми од чл.45 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20,111/23).

**За критериумот цена се предвидени 50 бодови за понудувачот со најниска цена на понудата, а останатите понуди по однос на цената ке се бодираат на следниот начин:**

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{најниска цена} \times 50}{\text{понудена цена}}$$

За критериумот квалитет се предвидени 50 бодови кои се распоредени на следниот начин по елементи:

- Елемент - Претходни позитивни стручни референци – 50 бодови

**6.1. Кадровска и техничка опременост на правното лице**

-Правното лице понудувач потребно е да има вработено најмалку 1 (еден) дипломиран инженер архитект - урбанист на неопределено време со овластување на изработка на урбанистички планови или стручна ревизија (листа на вработени од надлежен орган не постара од 1 месец од денот на отварање и важечки овластувања)

Правното лице како понудувач треба да достави листа на вработени од надлежен орган (АВРСМ) не постара од 1 месец од денот на отварање на јавниот повик со важечки овластувања.

Кадровската и техничка опременост на правното лице не се бодира, само претставува услов за исполнување на критериумите за доделување на договорот на јавниот повик.

**6.2 Референтна листа за извршени услуги**

-Правното лице понудувач потребно е да достави Референтна листа за минимум 3 извршени услуги за ист или сличен предмет на услуги согласно овој Јавен Повик од последните 3 години (2021,2022 и 2023)

Со Референтната листа потребно е да се достави Прилог од Договорот за вршење на услуга.

Референтната листа за извршени услуги не се бодира, само претставува услов за исполнување на критериумите за доделување на договорот на јавниот повик

**6.3 Претходни позитивни стручни референци – 50 бодови**

Истиот ќе се евалуира на следниов начин:

Правното лице понудувач потребно е да достави потврди за квалитетно и навремено извршени исти или слични услуги со датуми на извршување на услугата во последните 3 години издадени од страна на корисници на услугите и потпишани од овластени потписници;

За секоја Потврда за квалитетно и навремено извршени услуги , потребно е да се достави Прилог од Договорот за вршење на услуга.

Елементот - **Претходни позитивни стручни референци – 50 бодови, ке се бодира на следниот начин: од 1-10 Потврди- 10 бодови, од 11-20 Потврди -20 бодови, од 21-30 Потврди – 30 бодови, од 31-40 Потврди -40 бодови и од 41-50 Потврди -50 бодови**, меѓутоа не може да се добие повеќе од 50 (педесет) бодови

НАПОМЕНА:

***Доколку на две или повеќе понуди им биде доделен ист број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата во Општина Чашка.**

**6.4 Понудена организација и методологија на изработка на услугите;**

Правното лице понудувач потребно е да достави динамичен план со рокови на активности во денови пропишани со законската регулатива и истиот потребно е да соодејствува со Точка 2

**6.5 Финансиска солвентност;**

- Правното лице понудувач потребно е да остварил позитивен финансиски резултат за последните 2 години со доставување на извештај за биланс на успех или завршна сметка заверени од надлежен орган.;

**6.6 Вредност на понудата** потребно е да биде согласно Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.140/2021).

Понудувачот треба да ги внесе единичните цени и вкупната цена на набавката во предмерот од Прилог 1, за секој дел одделно (Дел 1.1, Дел 1.2 )

Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.

Понудата е Деллива на Дел 1.1 и Дел 1.2

Начин на плаќање: Вирмански, по доставена фактура за извршена услуга во рок од 60 дена. (50% по одобрување на Проектната програма и 50% по одобрување на урбанистичкиот план), а за дел 1.3 по доставување на Извештајот од Стручната Ревизија

Понудите кои не се предадени во определениот рок, како и оние кои не ги содржат сите потребни елементи согласно условите на повикот, нема да бидат разгледани.

Понудите ќе бидат оценувани комисиски по основ на следните критериуми:

- Цена на изработка на услугите (50 бода);
- Претходни позитивни стручни референци – 50 бодови

**Согласно законските одредби кои ја обработуваат оваа област, изработувачот на Проектно-техничката документација не може да изработува и Ревизија на Проектно-Техничката Документација. Доколку ист понудувач освои најмногу бодови за двата дела** (Дел 1.1, Дел 1.2), **во тој случај за најповолен понудувач ќе биде избран второ рангираниот понудувач од последниот дел 1.2)**

Напомена: Понудувачот во планот и динамиката за извршување на услугите да наведе реални рокови за исполнување на секоја од законските постапки до донесувањето на УП.

При склучувањето на договорот ќе биде предвидена договорна казна во висина од 0,05% од вредноста на услугата за секој ден задоцнување со исполнување на услугата.

Дополнителни информации за овој Јавен повик може да се добијат секој работен ден во Општина Чашка , Одделение за урбанизам, заштита на животната средина и енергетска ефикасност, телефон 043248-400 или емаил opstina@caska.gov.mk

**ОПШТИНА ЧАШКА**

**Комисија за избор на изработувач на Урбанистички проекти и Стручна Ревизија**

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на Јавниот повик број <u>04/2024</u> објавен од страна на **Комисија за избор на изработувач на Урбанистички проект и Стручна Ревизија**, за доделување на договор за за избор на изработувач на Урбанистички проект и Стручна Ревизија, ја поднесуваме следнава:

**ПОНУДА**

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ____________________________________

I.2. Контакт информации

Адреса: ____________________________________

Телефон (фиксен и мобилен) ____________________________________

Факс: ____________________________________

Е-пошта: ____________________________________

Лице за контакт: ____________________________________

I.3. Одговорно лице / управител____________________________________

I.4. ЕДБС (единствен даночен број на субјектот)____________________

.5. ЕМБС (единствен матичен број на субјектот)____________________

I.6 Трансакциона сметка/Жиро Сметка ____________________

/Сите погоренаведени информации од I.1 до I.6 се ЗАДОЛЖИТЕЛНИ/

**<u>Дел II – Техничка понуда</u>**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/<u>услуги</u>/работи:

1. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка, општина Чашка

2.Стручна Ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка, општина Чашка

| Ред број | 1<br>Опис на позицијата<br>Извршување на стоки | 2<br>Единица мерка | 3<br>Количина | 4<br>Единечна цена без ДДВ во денари | 5<br>Вкупна цена без вклучен ДДВ<br>5 = 3 x 4 | 6<br>ДДВ на Вкупна цена<br>6=ДДВ на 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дел 1 | | | | | | |
| 1.1 | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка, општина Чашка член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање | ha | 0,4 | | | |
| Дел 2 | | | | | | |
| 2.1 | Стручна Ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка, општина Чашка | ha | 0,4 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно колона 4, 5 и 6 | | | |

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на изработка утврдени во Јавниот повик.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, за Дел 1 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка , општина Чашка согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање изнесува: ______________________________ *[со бројки]* (______________________________ ______________________________) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува __________ *[со бројки]* (______________________________) *[со букви]* денари .

Вкупната цена со вклучен ДДВ изнесува __________ *[со бројки]* (______________________________) *[со букви]* денари .

за Дел 2 – Стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" КО Чашка, општина Чашка согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање изнесува: ______________________________ *[со бројки]* (______________________________) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува __________ *[со бројки]* (______________________________) *[со букви]* денари .

Вкупната цена со вклучен ДДВ изнесува __________ *[со бројки]* (______________________________) *[со букви]* денари .

**НАПОМЕНА-Согласно законските одредби кои ја обработуваат оваа област, изработувачот на Проектно-техничката/планска документација не може да изработува и Ревизија на Проектно-Техничката/Планска Документација**

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во Јавниот Повик. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во Јавниот Повик.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во Јавниот Повик.

Место и датум

______________________

Одговорно лице

______________________

(потпис) *

"Илинденска" 8 1413 населба Чашка
тел.++389 43 241 400 фах. ++389 43 241 343

"Ilindenska" 8 1413 lagja e Çashkës
tel.+389 43 241 400 fax. ++389 43 241 343

**e-mail:** opstina@caska.gov.mk
www.caska.gov.mk